ОДЛУЧЕТЕ СО СИГУРНОСТ

**Македонско кредитно биро АД Скопје**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 5-ти кат
1000 Скопје, Република Македонија
www.mkb.mk | info@mkb.mk

Бр. 03-143/1
16.07.2018 година
Скопје

**До**
**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**
**ул. Орце Николов 75**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Предмет: Известување за распределба на добивка со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда**

Согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност, Македонско кредитно биро АД Скопје (МКБ АД Скопје) ги објавува следните податоци:

Собранието на акционери на МКБ АД Скопје на XIII-та седница одлучи дивидендата за 2017 година во износ од 6.151.280,00 денари, МКБ АД Скопје да ја распредели за зголемување на основната главнина со средства на Друштвото преку исплата на дивиденда во акции на единствениот акционер КИБС АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда со втора емисија.

Врз основа на Решението на Комисијата за хартии од вредност УП 1 Број 10-31 од 22.06.2018 година одобрена е втората емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда. Односно, МКБ АД Скопје изврши зголемување на основната главнина со издавање на 1.000 обични акции со номинална и продажна вредност од 100 евра по акција или со вкупен износ на емисијата од 100.000 евра.

Емисијата е комплетирана на ден 12.07.2018 година и акциите се запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Вкупниот капитал на МКБ АД Скопје по извршената втората емисија на акции изнесува 130.000 евра, а вкупниот број на акции е 1.300 обични акции со номинална вредност од 100 евра по акција.

Главен извршен директор
м-р Тони Трајанов